

Претседателот на Градското собрание Благој Попов ја отвора изложбата на Петар Лубарда во Скопје

# Изложба на Петар Лубарда во Скопје

- ИЗЛОЖБАТА ЈА ОТВОРИ БЛАГОЈ ПОПОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ГРАДСКОТО СОБРАНИЕ НА СКОПЈЕ
- НА ОТВОРАЊЕТО ПРИСУСТВУВАШЕ КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ, СЕКРЕТАР НА СОЈУЗОТ НА КОМУНИСТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Завчеравечер, во изложбените простории на Домот на синдикатите во Скопје, претседателот на Градското собрание на Скопје Благоја Попов ја отвори изложбата на слики од Петар Лубарда.

На отворањето на изложбата на 26 ликовни експонати, што уметникот му ги подарува на Скопје, покрај голем број политички, јавни и културни работници, присуствуваа и Крсте Црвенковски, секретар на Сојузот на комунистите на Македонија, Александар Грличков, претседател на Извршниот совет на СРМ, Ќемал Сејфула, потпретседател на Извршниот совет на СРМ, и Благоја Талевски, претседател на Републичкиот синдикален совет.

При отворањето на изложбата Благоја Попов, откако истакна, дека не е обична конвенционалност изразеното чувство на задоволство и возбуда што ја отвора изложбата на Петар Лубарда во Скопје, рече: „Во најтешките мигови од својата историја овој разурнат град, борејќи се со последиците од стравотната природна стихија, му е укажана вонредна поддршка, топла и пријателска солидарност за која не постојат бариерите на дистанците, на политичките и националните разлики". И потоа: „Обемот на катастрофата овозможи, во формите со кои таа подршка се изразува, секој поединец да најде можност за најконкретен израз на своето човечко сочуство и помош".

Благој Попов изрази длабоко жалење дека тешката болест на Лубарда оневозможи непосредно да биде изразена бескрајната благодарност и почит спрема неговото дело и неговата постапка.

Од името на авторот на ликовните експонати, Углеша Рајчевиќ му предаде повелба на претседателот на Градското собрание на Скопје со која се подаруваат 26 платна, кои ќе бидат и едни од најценетите придонеси за идната галерија на модерната уметност во Скопје.

О. Сп.